Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19 и 110/19) а во врска со членовите 2, 3, 4, 5 и 6 од Правилник за начинот и висината на трошоците за склучување на брак надвор од службени простории на Управата за водење на матични книги („Службен весник на РСМ" бр. 31/2011), Директорот на Управата за водење на матичните книги донесе

# ТАРИФНИК

За надомест на услуги за склучување на брак надвор од службени простории на Управата за водење на матични книги

Член 1

Со овој тарифник поблиску се утврдува надоместокот за услугите кои ги дава Управата за водење на матични книги а потребно е да ги надоместат граѓаните, за склучување на брак надвор од службените простории на Управата за водење на матични книги. Надоместокот се одредува врз основа на просечната годишна бруто плата согласно податоците на Државниот завод за статистика за висината на просечната бруто плата на годишно ниво во Република Северна Македонија, од претходната година.

Трошоците за услугите од став 1 се наплатуваат на жиро сметката на Управата за водење на матични книги во износите утврдени во табелата што е составен дел на тарифникот.

Член 2

Овој тарифник е објавен на официјалната веб страна на Управата за водење на матични книги.

Член 3

Овој тарифник стапува во сила на ден 01.02.2024 година.

**В.д Директор / u.d Drejtor**
**Mr. Emir Sulejmani**

Бр. 08-4541/1
29.01 2024 година

| Тарифа за услуги за склучување на брак надвор од службените простории на УВМК | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Назив на услуга | Административна такса[i] | Надоместок |
| 1 | Во работни денови и во работно време, до 10 км оддалеченост | 50,00 денари | 4.765,00 денари |
| 2 | Во работни денови по 16,30 часот, до 10 км оддалеченост | 50,00 денари | 5.242,00 денари |
| 3 | Во неработни денови, сабота и недела и државни празници до 10 км оддалеченост | 50,00 денари | 10.484,00 денари |
| 4 | За ставките 1, 2 и 3 од овој тарифник доколку оддалеченоста од матичното подрачје до местото на склучување на брак е над 10 км | 50,00 денари | Надоместокот се зголемува за 100% |

[i] Надоместокот за административна такса е во согласност со Законот за административни такси („Службен весник на РМ"бр.17/1993, 20/1996, 7/1998, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21) и се однесува на поднесено барање за склучување на брак надвор од службените простории на Управата за водење на матични книги.